# Конфедерација на слободни синдикати на Македонија
## Confederation of Free Trade Unions of Macedonia

КОНФЕДЕРАЦИЈА НА СЛОБОДНИ СИНДИКАТИ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-23/1
22.01. 2018 год.
Скопје

До

Регионална канцеларија на проект на ЕТУК Белград

**Предмет: Известување за одржан Јавен пртоест на КСС**

Драги колеги,

Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија неколку месеци наназад се обидува да воспостави легитимен и функционален социјален дијалог со надлежните претставници на министерствата и државните органи, а со цел разговарање и разрешување на одредени проблеми кои ги засегаат вработените во јавниот сектор, како и поставување на неколку легитимни барања за подобрување на социо-економскиот статус на нашите членови и вработени во одредени државни и јавни институции.

Како наши легитимни синдикални барања кои ги поставивме се следните: функционирање на социјалниот дијалог, започнување на преговори за измени и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор во однос на зголемување на правата на работниците во јавниот сектор, зголемување на платите на сите вработени во јавната администрација без дискриминација; усогласување на платите согласно минималната плата на национално ниво како и усогласување на платите во однос на реалните промени на трошоците за живот на годишно ниво, што е и законска обврска; вклучување на правото на регрес за сите вработени во јавниот сектор; подобрување на правата во однос на минат труд, обезбедување сигурни работни места, почитување на законски одредби околу социјалниот дијалог, почитување во целост на веќе потпишаните колективни договори, без мобинг на работните места итн.

Во рамките на овие обиди во претходните неколку месеци, за жал не наидовме на добра волја за разговор и за прифаќање на нашите социо – економски барања поврзани со работниот однос. Наместо тоа постојат секојдневни притисоци врз нашите членови, отказ на синдикални претставници, заплашување и манипулирање со членството, психичко вознемирување (мобинг), како и упад во синдикалните организации со формирање на „паралелни синдикати".

На Конференција на КСС на 16.11.2017 година беше донесена Инцијатива за одржување на јавен протест, со која беа задолжени сите грански синдикати да ги свикаат своите највисоки тела и органи и да направат проценка и донесат одлука за одржување на јавен протест. По свикување на нивните највисоки тела и органи и по барање на членството да се преземат и понатамошни мерки, Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија донесе Одлука за одржување на Јавен предупредувачки протест со датум на одржување на 17.01.2018 година закажан за 5 минути до 12 часот

ул.50-та Дивизија бр.25, п.фах 79 1001 Скопје, тел/фах 02/2466 238, e-mail: contact@kss.mk
50-ta Divizija 25, p.box 79 1001 Skopje, tel/fax 02/2466 238, e-mail: contact@kss.mk

пред Владата на Р.Македонија. Во своите барања кои беа доставени до Владата на Р.Македонија беше побарана средба со Владини претставници.

КСС за прв пат доби покана од Владата на Р.Македонија за работна средба на 16.01.2018 година. Средбата се одржа на која беа изнесени и образложени барањата на КСС на што Владините претставници ветиле дека сериозно ќе бидат разгледани барањата и побараа да бидеме малку трпеливи за да се направат дополнителни консултации и пресметки околу нашите барања. Исто така по доставени писмени докази за притисоци врз членството од страна на одредени државни претставници, добивме ветување дека ќе се потрудат да запрат притисоците врз синдикалното движење во Р.Македонија.

КСС остана на линија на своите барања бидејќи по остварената работна средба не беше решено ништо туку само беше дадено веување за понатамошна соработка.

Јавниот предупредувачки протест кој што беше закажан за 17.01.2018 година беше одржан, на кој што имаше голема излезеност од страна на нашето членство од сите грански синдикати здружени во КСС, кои го искажаа своето незадоволство и ги истакнаа своите барања по пат на овој јавен протест. Јавниот протест се одвиваше мирно од Порта Македонија, преку Министерство за правда, па се до Владата на Р.Македонија, каде симболично Претседателот во 5 минути до 12 часот имаше свое обраќање до своето членство. Претседателот на КСС, Благоја Ралповски истакна „Денес се собравме овде сите заедно да побараме социјална правда, да си ги побараме нашите права, да престане кршењето на Законите, за подобар живот, за достоинствен приход, за сигурни работни места и да престанат големите притисоци врз синдикалното движење во Македонија. Ќе продолжиме по овој пат што го почнавме како Конфедерација на слободни синдикати на Македонија за да може на еден демократски начин, преку искрен и легитимен социјален дијалог и партнерство да имаме пристоен приход и пристоен живот за сите работници во државата. "

По одржаниот Јавен протест очекуваме дека ќе започнат да се остваруваат средбите со Владините претставници од надлежните министерства по однос на разгледување на нашите барања и изнаоѓање на заеднички решенија, како што беше и ветено од нивна страна на ден пред протестот, во спротивно КСС понатаму ќе одлучува за идните синдикални чекори кои ќе бидат преземени и радикализирани.

Во прилог Ви испраќаме фото и видео материјали од Јавниот протест од 17.01.2018 година.

Со почит,

Конфедерација на слободни
синдикати на Македонија
Претседател
Благоја Ралповски